КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ДП. бр.1/14**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-35 од 13.01.2014 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител В.М. лично, по одржан претрес, на ден 28.02.2014 година го донесе следното

РЕШЕНИЕ

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот В. М. именуван за подрачјето на О. суд во К. и О.суд во Г. со адреса на бул. О. бр. од К.

ЗАТОА ШТО:

Извршителот вршејќи ја должноста неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.309/09 од 05.08.2009 година, затоа што во период од 21.02.2011 година до 08.05.2013 година односно во период од две години и три месеци не превземал извршни дејствија во насока на спроведување на извршување

со кои дејствија извршителот В. М. од К. сторил дисциплинска повреда по чл.54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување “неоправдано го одложува извршувањето”,

па со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на  врз основа на чл.54-а точка а) од Законот за извршување му се изрекува дисиплинска мерка

ЈАВНА ОПОМЕНА

Дисциплинската мерка да се стави на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување

Образложение

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-35 од 13.01.2014 е поднесен од страна на Министерството за правда на РМ против извршителот В. М. од К. врз основа на Извештај вонреден надзор врз работата на извршителот УПП.бр.09-453 од 08.11.2013 година спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда на ден 22.10.2013 година.

Предлогот е со наводи дека извршителот В. М. неоправдано го одложувал извршувањето по извршниот предмет И.бр.309/09 од 05.08.2009 година, затоа што во период од две години и три месеци не превземал извршни дејствија во насока на спроведување на извршување.

Министерот за правда сметајќи дека извршителот сторил дисциплинска повреда по чл.54-г став 1 алинеја 10 " неоправдано го одложува извршувањето" од Законот за извршување па предлага Дисциплинската Комисија при КИРМ да поведе дисциплинска постака за утврдување на дисциплинска одговорност на извршител В. М. од К. и да му изрече соодветна казна согласно одредбите од ЗИ.

Извршителот В. М. од К. во своја одбрана на главен претрес одржан на ден 28.02.2014 година наведе дека повредите опишани во Предлогот се неосновани од причина што, извршителот континуирано превземал извршни дејствија па така на ден 30.07.2009 година од страна на доверителот М. Ж. К. од К. примил барање за извршување против должникот Ј. У.-и. Д. К., врз основа на извршен наслов ПЛ.бр. _______ од 13.05.2009 година на Основен суд Г. Понатаму, на ден 05.08.2009 година извршителот издал Налог за извршување од сметка на должникот по чл.202 ст.1 од Законот за извршување. Извршителот истакна дека откако должникот поднел приговор до Претседателот на Основниот суд К. со Решение ППНИ.бр._______ од ден 10.08.2009 година, го одложил извршувањето и врз основа на претходното Решение на претседателот на судот, извршителот на ден 14.08.2009 година донел Заклучок за одлагање на извршувањето. Извршителот наведе дека доверителот на ден 17.08.2009 година поднел жалба против решението на Основниот суд Кичево ППНИ.бр._____ од 10.08.2009 година по што Апелациониот суд Г. со Решение ТСЖ.бр.________ од 21.02.2011 година го укинал Решението ППНИ.бр.______ година и го одбил барањето за одлагање како неосновано по што тоа Решение извршителот го доставил до должникот на ден 12.04.2011 година и до доверителот на ден 09.03.2011 година и доставниците за таквата достава исто така ги приложил и до Основниот суд К. на ден 13.04.2011 година од каде што произлегува дека до ден 13.04.2011 година извршителот континуирано превземал извршни дејствија. Понатаму, извршителот укажа на фактот дека истиот од објективни причини до ден 21.11.2011 година не бил во можност да превзема извршни дејствија бидејќи бил под суспензија што стапила на ден 11.04.2011 година. Извршителот наведе дека од ден 21.11.2011 година па се до ден 08.05.2013 година не превземал извршни дејствија по извршниот предмет од причина што, доверителот немал авансирано трошоци на постапката но и од друга страна чекал писмено известување за тоа дека спорот помеѓу странките е разрешен, односно дека долгот е исплатен на друг начин за што било донесено Решение ППНИ ______ од ден 12.12.2010 година со кое било констатирано дека приговорот на должникот е повлечен, а во образложението се наведува дека спорот помеѓу странките бил решен.

Во меѓувреме на ден 17.11.2009 година должникот платил дел од долгот во износ од 25.044 денари кои средства му биле пренесени на доверителот истиот ден, додека пак на ден 14.01.2010 година должникот платил износ од 25.000 денари. Понатаму, наведе дека со оглед да вкупниот долг изнесувал 61.665 денари, должникот останал да должи уште 11.621 денари со камата од 30.11.2007 година до исплата и само камата на платените износи на две рати и за таа цел извршителот на ден 08.05.2013 година издал Налог за извршување од сметка на должникот, кој што не бил реализиран поради немање средства на сметка на должникот. Бидејќи доверителот ги немал авансирано трошоците на извршувањето ниту за издадениот налог за извршување ниту пак за можноста извршителот извршувањето да го продолжел со други средства за извршување истиот на ден 15.08.2013 година донел Заклучок обр.12 во согласност со тарифата и кој заклучок не го наплатил од страна на доверителот. Имено, извршителот истакна дека по истата правна работа постапувал претседателот на КИРМ, кој со Решение бр.______ од 05.12.2013 година одлучил да не се поведува дисциплинска постапка од причина што доверителот немал авансирано средства за превземање на извршни дејствија.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 28.02.2014 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Извештај УПП.бр. 09-453 од 08.11.2013 година на Министерство за правда
- Решение ДП.Бр. ____ од 21.11.2011 на Дисциплинска комисија на КИРМ на РМ
- Решение ДП.Бр. ____ од 11.04.2011 на Дисциплинска комисија на КИРМ на РМ
- Решение ПР.Бр. ______ од 05.12.2013 година на КИРМ на РМ
- Предлог за извршување од доверител Ж. К. од 30.06.2009 година
- Заклучок И.бр.309/2009 од 15.08.2013 година на извршител В. М.
- Извршување на судска достава од 12.04.2011 година на извршител В. М.
- Доставници за Решение ТСЖ бр.______
- Решение ТСЖ бр.______ од 21.02.2011 година на Апелационен суд Г.
- Решение ППНИ.бр. _______ од 10.08.2009 година на Основен суд К.
- Налог И.бр.309/2009 од 05.08.2009 година на извршител В. М.
- Налог И.бр.309/2009 од 08.05. 2009 година на извршител В. М.
- Повратница до С. Б.од 05.08.2009 година
- Доставници за Решение ППНИ ______
- Повратница И.бр.309/2009 до С. Б. АД С.

- Доставаница до Ж. К. од 14.08.2009 год.

- Повратница И.бр.309/2009 од 14.08.2009 год. до С. Б. АД С.

- Доставаница за налог од 05.08.2009 до Ж. К. од 14.08.2009 год.

- Доставаница за налог од 05.08.2009 до Д. Ј. од 10.08.2009 година

- Приговор од Д. Ј. од 10.08.2009 година до О. суд К.

- Решение ППНИ. Бр. _______ од 22.12.2010 година на О. суд К.

- Заклучок И.бр. 309/2009 од 14.08.2009 година на извршител В. М.

- Жалба од Ж. К. преку Основен суд К. од 17.08.2009 година

- Заклучок И.бр. 309/2009 од 15.08.2009 година на извршител В. М.

- Тужба од Ж. К. до Основен суд Г. од 10.03.2009 година

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 30.07.2009 година извршителот В. М. од страна на доверителот М. „ Ж. К.„ АД К. примил Барање за спроведување на извршување врз основа на извршна исправа Платен налог ПЛ. _______ од 13.05.2009 година на Основен суд Г.

Постапувајќи по Барањето за извршување, а врз основа на извршната исправа, извршителот заради наплата на парично побарување од должникот Д. „ Ј. „ У.- И. Д. К. во износ од 61.665,40 денари на име главен долг, со законска затезна камата сметано од 30.11.2007 година до денот на целосна исплата и трошоци по постапката, на ден 05.08.2009 година издал Налог за извршување од сметка на должникот врз основа на член 202 став 1 од Законот за извршување И.бр.309/2009 со кој што на носителот на платниот промет кај кој должникот има сметка му се наложува од сметката на должникот Д. Ј. У.-и. Д. К. на сметката на извршителот, во име и за сметка на доверителот, да пренесе парични средства во износи точно определени по ставки во самиот налог. Наведениот налог го доставил до носителот на платниот промет кај кој должникот има сметка на ден 06.08.2009 година, до должникот на ден 10.08.2009 година и до доверителот на ден 14.08.2009 година.

По приемот на Налогот на извршување И.бр.309/2009 од 05.08.2009 година, должникот Д.Ј. у.-и. Д. К. на ден 11.08.2009 година до Претседателот на Основен суд К. поднел приговор против неправилности при извршување против Налогот за извршување И.бр.309/2009 година од 05.08.2009 година.

По барањето за одлагање на извршувањето поднесено од страна на на должникот Д. Ј. У.-и. Д. К. по извршувањето на налогот за извршување И.бр.309/2009 од 05.08.2009 година Претседателот на О. суд К. на ден 10.08.2009 година донел Решение ППНИ.бр._______, со кое извршувањето се одлага за период од 60 дена сметано од 10.08.2009 година.

На ден 14.08.2009 година извршителот донел Заклучок за одлагање на извршување врз основа на чл.81 став1 од ЗИ И.бр.309/09, со кој што се одлага извршувањето спрема должникот Д. Ј. У.-и. Д. К..

На ден 17.08.2009 година доверителот М. К. К. поднел жалба до А. суд Г.против Решението ППНИ.бр.______ од 10.08.2009 година на Претседателот на О. суд К.

Решавајќи по барањето за повлекување на приговор на ден 22.12.2010 година О. суд во К. донел Решение ППНИ.бр.______ со кое што одлучил по приговорот за отстранување на неправилности при извршување против налог за извршување И.бр.309/09 од 05.08.2009 година поднесен од страна на должникот Д. Ј. У.-и. Д. К. да се смета за повлечен, од причини што спорот помеѓу странките бил решен.

По обжаленото Решение ППНИ _________ од 10.08.2009 година на Претседателот на О. суд К., А. суд Г. донел Решение ТСЖ _______ од 21.02.2011 година со кое жалбата на доверителот М. „ К.„ АД К., се уважува и Решението на Претседателот на Основен суд К. ППНИ _______ од 10.08.2009 година се преиначува на начин што барањето за одлагање на извршувањето на Д. „Ј.„ У.-И.Д. К. се одбива како неосновано.

На ден 08.05.2013 година извршителот В. М. издал нов Налог за извршување од сметка на должник врз основа на член 202 став 1 од Законот за извршување И.бр. 309/2009, со кој што на носителот на платниот промет кај кој должникот има сметка му се наложува од сметката на должникот Д.„ Ј. „ У.- И. Д. К. на сметката на извршителот, во име и за сметка на доверителот, да пренесе парични средства во износи точно определени по ставки во самиот налог. Наведениот налог го доставил до носителот на платниот промет кај кој должникот има сметка на ден 27.05.2013 година.

На ден 15.08.2013 годна извршителот донел Заклучок за утврдување на трошоци за извршување, со кој се утврдува дека во текот на спроведување на извршување И.бр.309/09 година настанале трошоци во вкупен износ од 17.230 денари, а доверителот М. Ж. К.АД К. се задолжува износот од 13.233 денари да го плати на сметката на извршителот В. М., од причини што разликата од 4.007 денари претходно била наплатена од должникот.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ на главен претрес одржан на ден 28.02.2014 година одлучувајќи по повод основаноста на предлогот на Министерството за правда УПП бр. 09-35 од 13.01.2014 година на Министерот за правда година утврди дека извршителот В. М.ја сторил дисциплинската повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 10 “ неоправдано го одложува извршувањето” на начин што вршејќи ја должноста извршител по предметот подолг временски период не превземал извршни дејствија по извршниот предмет заведен во неговата канцеларија под И.бр.309/09 од 05.08.2009 година, со тоа што во период од 21.02.2011 година до 08.05.2013 година односно во период од две години и три месеци не превземал извршни дејствија во насока на спроведување на извршување. Имено, Дисциплинската комисија имаше во предвид дека со Решение ДП.бр._____ спрема извршител В. М. е изречена привремена забрана за вршење на должноста извршител сметано од 11.04.2011 година, која траела до 21.11.2011 година кога со Решение ДП.бр._____ е отповикана привремената забрана. Повредата која му се става на товар го опфаќа и овој период но и периодот после отповикувањето на суспензијата, односно период до 08.05.2013 година кога донел Налог за извршување по член 202 од ЗИ за остатокот на долгот на должникот. Од

овие причини Дисциплинската комисија смета дека во дејствијата на извршителот се содржани битието на делото „неосновано го одложува извршувањето “, бидејќи се работи за подолг период кога извршителот и по престанок на суспензијата не превземал дејствијата за спроведување на извршувањето по предметот.

Комисијата ја ценеше одбраната на извршителот а посебно околноста дека до ден 21.11.2011 година од објективни причини бил спречен да превзема извршни дејствија од причина што бил под суспензија која стапила на сила на ден 11.04.2011 година, дека по извршниот предмет доверителот немал авансирано трошоци на постапка како и тоа дека чекал писмено известување за тоа дали спорот помеѓу странките е разрешен, но истото не влијаеше за поинакво одлучување од страна на Дисциплинската Комисија.

Диciплинската комисија при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности. Како олеснителна околност Дисциплинската комисија го ценеше фактот дека за дел од спорниот период кој му се става на товар на извршителот му била изречена привремена забрана за вршењето на должност а која била отповикана заради престанување на причините кои ја иницирале како и фактот дека до сега не е дисциплински казнуван, а како особено олеснителна околност фактот дека не се настанати штетни последици за странките, учесниците и трети лица, а како отежнителна околност тежината на повредата дека се работи за подолг временски период, па со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ за вонредно ублажување на казната па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 28.02.2014 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1,2 и 3 и чл. 59-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

Претседател на Дисциплинска

комисија,

Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

Дн: Министерство за правда

Извршител В. М. К.

Архива